РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-1114/1
03.06 2021 год.
СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**меѓу**

**Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет - Скопје**

**и**

**Државен завод за ревизија**

**Во натамошниот текст "Договорни страни"**

## 1. ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

Со овој меморандум за соработка се пропишува соработката помеѓу договорните страни, а заради поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, изградба и зајакнување на меѓусебните деловни врски, како и обезбедување достапност на професионална размена на искуства.

## 2. ЦЕЛ И МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА

**Член 2**

Страните ќе ја поттикнуваат и развиваат меѓусебната соработка во рамките на нивните дејности врз основа на взаемна корист, меѓусебно помагање и делување заради остварување на заеднички цел.

## 3. МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Член 3**

Договорните страни се согласни да соработуваат во широк спектар на активности и иницијативи од взаемен интерес за едукација на подобрување на знаењето и стручноста, и тоа:

- Поттикнување, поддршка и логистика во спроведувањето на сите облици на соработка од заеднички интерес;
- Организирање на форуми, семинари, работилници, конференции, консултантска дејност, изработка на научни трудови, методи, техники и инструменти за подобрување на ревизијата;
- Подготвување и издавање публикации, статии, прирачници, коментари и слични форми на стручно професионално и академско информирање од областа на ревизијата;
- Изработка на заеднички проекти за истражување, дебати, обуки и едукација.
- Поврзување на теоријата со пракса;
- Соработка заради приближување на теоријата со праксата за потребите на студентите.

**Член 4**

Меѓусебна соработка и размена на знаења ќе се остварува во согласност со важечките законски прописи и расположливите финансиски средства.

Страните ќе настојуваат да ги промовираат поволните услови за остварување на оваа соработка и размена на знаења на информации и искуства.

Страните ќе соработуваат во насока на идентификување на други области од меѓусебен заеднички интерес

Меморандумот за соработка ќе се реализира само доколку неговата реализација не го нарушува тековното и редовно реализирање на нивните секојдневни обврски.

Ако некоја заедничка активност подразбира потреба за попрецизно реализирање на активностите во рамки на некое заедничко дејствување, за оваа цел може да се склучи и посебен договор.

**Член 5**

Во рамките на реализацијата на меѓусебната соработка, а во насока на реализација на предметот и целта на меморандумот за соработка, Државниот завод за ревизија ќе овозможи пракса на најдобрите студенти, како и учество на дел од вработените во наставата како стручњаци од практиката.

Економскиот факултет – Скопје ќе обезбедува стручна поддршка и учество во подготовката и реализацијата на годишните планови за континуирано професионално усовршување и обуки на Државниот завод за ревизија, како и на Програмата за полагање на испит за овластен државен ревизор.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Договорните страни се согласни да обезбедат взаемно достапни релевантни документи.

Договорните страни се согласни редовно, меѓусебно да се известуваат во писмена форма, за донесување на одлуки од взаемен интерес и идни можности кои би имале позитивно влијание на понатамошна соработка при примена на овој меморандум.

Договорните страни ќе ја промовираат меѓусебната соработка со организирање медиумски настан.

**Член 7**

Со цел ефикасно следење на одредбите од овој меморандум договорните страни ќе назначат овластени координатори за соработка.

**Член 8**

Страните на меморандумот се согласија да ја запазат доверливоста на сите информации добиени за време на соработката и потоа, како и да се грижат со посебно внимание истите да не се користат за други цели освен за оние кои се во делокругот на заедничките интереси и активности.

**Член 9**

Овој меморандум може да се менува или дополнува само со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Меморандумот стапува во сила со денот на неговото потпишување.

Меморандумот се склучува во 4 (четири) примероци по 2 (два) за секоја од договорните страни.

***ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ***

***Д Е К А Н***

***Проф. д-р Предраг Трпески***

***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР***

***м-р Максим Ацевски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-691/1
03. 06. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP